О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26 Октомври 2016 година | Гевгелија | Број 11 | Година XXXIX |

Врз основа на Член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ”, бр. 5/02), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 25.10.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за учество на општина Гевгелија во проект за „Изработка на урбанистички планови за села во Југоисточниот плански регион за општините Ново Село, Босилово, Гевгелија и Дојран”**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат средства за учество на општина Гевгелија во проектот за „Изработка на урбанистички планови за села во Југоисточниот плански регион за општините Ново Село, Босилово, Гевгелија и Дојран”.

Носител на проектот е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а партнери во проектот се општина Ново Село, општина Босилово, општина Гевгелија и општина Дојран.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за учество во изработката на урбанистички планови за селата: Милетково, Моин и Давидово - општина Гевгелија.

**Член 3**

Предвидените средства за оваа намена, во износ од 395.539 денари, ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, и ќе биде објавена во „Службен гласник на оптина Гевгелија”.

Бр. 09-2449/1
25.10.2016год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основана член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весникна РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 98 став 1, алинеа 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 и 192/15 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.10.2016година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија за 2015/2016година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" Гевгелија за 2015/2016година, усвоен и предложен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-131/3 од 14.09.2016 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен глсник на општина Гевгелија".

Бр. 09-2450/1
25.10.2016год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весникна РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 98 став 1, алинеа 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весникна РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 и 192/15 год.) и член 38 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.12.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ "Детска радост" Гевгелија за 2016/2017 година**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" Гевгелија за 2016/2017 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-131/4 од 14.09.2016 год.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2451/1
25.10.2016 год.
Гевгелија

Претседател
наСоветотна општинаГевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 64 став 5 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.10.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за вклучување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУ ДГ "Детска Радост" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Одлуката за вклучување поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ "Детска Радост" - Гевгелија, предложен со Одлука бр.02-131/7 од 14.09.2016година на Управниот одбор на јавната установа за деца.

2. Секоја воспитна група во оваа јавна установа, во текот на 2016/2017 година, може да запише од 3 до 5 деца, повеќе од предвиденото.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2452/1 Претседател
25.10.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драѓи Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 116 од Законот за заштита на децата ("Службенвесникна РМ" бр.23/13 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 25.10.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУ ДГ "Детска Радост" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ Детска радост-Гевгелија, предложен со Одлука бр.02-131/6 од 14.09.2016година на Управниот одбор на јавната установа за деца.

2.Распоредот на работното време во оваа јавна установа се утврдува скалесто, односно од 5:30 до 16:30 часот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 09-2453/1 Претседател
25.10.2016год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1. 1.Одлука за сопствено учество на општина Гевгелија во реализација на ДЕЛ 2 од Проектот за изработка на урбанистички планови за села во Југоисточниот плански регион за општините Ново Село, Босилово, Гевгелија и Дојран ............................................................................ 265

2.Решение за усвојување на Годишен извештај за работата на ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија за 2015/2016 година ..................................... 266

3.Решение за усвојување на Годишна програма за работата на ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија за 2016/2017 година ..................................... 266

4.Решение за давање согласност на Одлуката за вклучување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија ........................................................................................................ 266

5.Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија ..... 267

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**